Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови”, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано” од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали“ од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Моролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО“ ОД Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, АСИСТЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука бр. 1602-81/25 од 15 мај 2013 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 15.5.2013 година., ги избра рецензентите:

– проф. д-р Јован Ананиев – вонреден професор на на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. д-р Љупчо Сотироски – доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават рецензија (писмен извештај) на „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО**“ од **д-р Дејан Маролов**, асистент на Правниот факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО“ и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

СКРИПТАТА е од областа на меѓународното јавно право и е составена од седум глави во кои се содржани соодветни тематски единици.

Во СКРИПТАТА се користени релевантни извори коишто авторот на соодветен начин ги употребува при проучувањето на прашањата коишто ги анализира.

Основниот текст на СКРИПТАТА содржи поглавја коишто во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоки на кои се изучува предметот Меѓународно јавно право.

Предметот Меѓународно јавно право за којшто е наменета СКРИПТАТА се слуша во втора година во трет семестар на Правосудна насока и Јавна администрација, со неделен фонд од 2+2+1, со 6 кредити и на насока Применета политика и дипломатија, модул Европско право со неделен фонд од 2+2+2 со 8 кредити.

Во првиот дел од СКРИПТАТА авторот дава воведни напомени и го обработува поимот на меѓународното јавно право. Воедно авторот прави и краток осврт на историскиот развој и предмет на изучување на меѓународното јавно право, создавајќи претстава за основите и делокругот на работи коишто се предмет на негово изучување.

Во овој дел, се посветува соодветно внимание и на *односот на меѓународното право со внатрешното право,* преку што реално се детерминира и предметот на изучување на оваа правна дисциплина. Авторот не пропушта да го третира поимот меѓународен систем како специфична средина, односно амбиент во која функционира и се практикува меѓународното јавно право.

Во вториот дел, авторот пристапува кон разработување на изворите на меѓународното јавно право, вклучувајќи ја и нивната кодификација. На тој начин, обработувајќи ги изворите авторот ја обработува и *нивната хиерархиска поставеност*.

Третиот дел од СКРИПТАТА се однесува на *субјектите на Меѓународното јавно право*. Во овој дел посебно се елаборираат државата и меѓународните организации како основни субјекти на меѓународното право. Во овој контекст се наведуваат и определени специфични случаи. Воедно се обработуваат и органите надлежни за водење на меѓународните односи на државите. Во таа смисла, посебно внимание се посветува на Организацијата на Обединети нации и Лигата на народите како нејзин претходник. Повелбата на Обединетите нации и органите се соодветно елаборирани.

Во четвртата глава предмет на обработка е Меѓународното договорно право. Поточно, авторот ги обработува меѓународните договори, нивната форма, фази на склучување, важност, ништовност на договорите и начелото „*pacta sunt servanda*".

Во петтиот дел се елаборираат дипломатското и конзуларното право како дел од меѓународното право. Во таа смисла, авторот конкретно го објаснува поимот *„дипломатија"*, начинот на функционирање, целите на дипломатските и конзуларните мисии и постапката за поставување и разрешување на дипломатските и конзуларните службеници. Како нераскинлив дел од оваaа проблематика авторот ги третира и привилегиите и имунитетите кои ги уживаат дипломатските мисии како специфични форми на претставување и нивните службеници.

Во шестата глава, предмет на проучување е Меѓународното *право на морето* како дел од меѓународното право, вклучувајќи го и Меѓународно правниот статус на меѓународните езера и реки.

Во седмата и последната глава од скриптата авторот го заокружува материјалот со обработка на начините за решавање на меѓународни спорови. Овој дел ги обработува начините за мирно решавање на меѓународни спорови но воедно го третира и *меѓународното воено право*, како право кое го заменува важењето на мирнодопското меѓународно право во ситуација кога мирно решавање на меѓународните спорови не е успешно и не наоѓа примена.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Материјалот анализиран и елабориран во „СКРИПТАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО" во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Меѓународно јавно право.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на предметот Меѓународното јавно право.

Авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на меѓународно јавно право. Без да навлегува во детали, тој успеал да го издвои битното од помалку битното што во основа е целта на оваа скрипта како учебно помагало.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на **„СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО"** предвидена според програмата за студентите од втора година на Правниот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент, с.р.**